Клучните идентификувани области во локалната заедница на кои треба да се насочат активностите и зголеми работата во 2019 година за воведување родова рамноправност се:

- промоција на човекови права и принципи на недискриминација,

- вклучување на жената во одлучувачките процеси во заедницата,

- подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје,

- семејно насилство,

- јакнење на капацитетите на општинската администрација за воведување на родов пристап во програмирањето (едукација на носителите на активностите) и воведување на родово одговорно буџетирање.

**1. <u>Цели</u>**

Основни цели за активностите на Општина Гази Баба во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2019 година се:

- зајакнување на институционалните капацитети на општината за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето преку обуки на КЕМ и општинската администрација, развивање на интерни постапки и механизми за координирано дејствување.

- јавна промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи и манифестации и информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди општината и преку редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност.

- зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои поголема потреба од информираност на жената за нејзиното сексуално и репродуктивно здравје, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи.

- унапредување на заштита од насилство врз жени.

- унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени.

**<u>2. Активности</u>**

За остварување на целите на програмата во 2019 година, општината ќе ги спроведе следните активности.

**Цел 1:** зајакнување на институционалните капацитети на општината за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето.

Мерки:

1. Обука на адмнистрацијата за родова анализа на програми и буџети

Целта на оваа активност е да се зголеми свесноста и разбирањето на претставниците на општинската администрација за потребата и начините за вклучување на родова перспектива во процесот на планирање на програмите и проектите од областите кои спаѓаат во нивниот делокруг на работа.

Потребни услови за спроведување на обуката се:

- подготвена програма и методологија за родова анализа на програмите и буџетите,
- подготвени базични помошни алатки за практична примена на стекнатите знаења,
- обезбедени услови за одржување на обуката.

2. Обука на комисијата за еднакви можности на жените и мажите и интерсекторската група за родово одговорно буџетирање за интеграција на родов пристап во програмите и буџетот на општината.

Оваа обука ќе биде специјализирана за членовите на комисијата и интерсекторската група со цел да се зајакнат нивните знаења и вештини за остварување на специфичните обврски од нивната надлежност. Обуката треба да се фокусира на процесите на планирање и одлучување во врска со интеграција на родовиот пристап во програмите и буџетот на општината преку примена на листи за проверка дали програмата е основана на родова анализа и има интегрирано родов пристап, како и дали се издвоени соодветни средства за нејзина реализација што ќе овозможи подеднакво распределување и корист од јавните ресурси за мажите и жените во општината.

Неопходни услови за спроведување на обуката се:
- подготвена програма и методологија за обука,
- подготвени листи за проверка за воведен родов пристап во буџет и програми на општината
- обезбедени услови за одржување на обуката.

**Цел 2:** Јавна промоција на родова еднаквост

Мерки:

3. Манифестација 8-ми Март-Меѓународен ден за правата на жената

Оваа активност е во функција на јавна промоција на човековите права на жените. Целта на оваа манифестација е да се подигне јавната свесност за правата на жената.

Во рамките на оваа манифестација, ќе биде одржана јавна седница на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените на која можат да присуствуваат претставници од општинската администрација, граѓанскиот сектор, претставници од основни училишта и други институции.

На настанот ќе биде претставена Програмата на Општина Гази Баба, проекти и активности планирани во текот на 2019 година заедно со граѓанскиот сектор. Воедно ќе се спроведе и дебата помеѓу учесниците на која ќе се дискутира состојбата за родова еднаквост, правата на жените со предлози и насоки за поттикнување и унапредување на соработката поврзани со еднаквите можности на мажите и жените во општината.

Ликовен конкурс на тема женски права, ќе биде организиран во сите основни училишта на територија на општината со мал награден фонд.

4. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност

Со цел да се запознае пошироката јавност и да се подигне свесноста за потребата од еднаквите можности на мажите и жените, Општина Гази Баба се стреми кон публикација на активностите и материјалите кои ја презентираат нејзината работа и залагање на тоа поле. Истовремено се приклучува и кон активностите и материјалите кои се организраат од другите институции на државно ниво и дава нивна поддршка. За таа цел на веб страната на општината ќе се отвори нова секција посветена на родовата еднаквост и активностите на општината за нејзино унапредување.

**Цел 3: зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје**

Мерки:

5. подигнување на свеста за грижа на жената за репродуктивнато здравје

Со цел да се подигне свеста кај жените за редовни гинеколошки прегледи, скриниг за рак на дојка и сл. Во соработка со невладини организации ќе се спроведуваат активности за подгигнување на свеста за негата на детето од најмалата возраст до тинејџерски години, а во соработка со матичните лекари и здравствените домови на територијата на општината ќе се организираат трибини, работилници и информативна кампања за редовни прегледи со цел рано откривање и превенција од малигни заболувања.

6. Подигнување на свеста за раноoткривање на рак на простата на мажите

Со цел да се подигне свеста кај мажите за редовни уролошки прегледи, скрининг за рак на тестиси и сл. во соработка со невладини организации ќе се спроведуваат активности за подигнување на свеста за негата на детето од најмалата возраст до тинејџерските години, а во соработка со матичните лекари и здраствените домови на територија на општината ќе се организираат трибини, работилници и информативна кампања за редовни прегледи со цел раноoткривање и превенција од малигни заболувања.

**Цел 4: Унапредување на превенција и заштита од насилство врз жени**

Мерки:

7. Со цел унапредување на знаењето но и препознавање на мерките и механизмите за превенција и заштита од семејно насилство ќе се спроведат активности за едукација за семејно насилство преку организирање на трибини во општината и месните заедници во соработка со НВО. Во овие рамки освен едукативни трибини ќе бидат организирани дебати, советувања (презентација и опции и регулативи на граѓаните во однос на наведените теми и превентивни мерки за истите).

8. Со цел обезбедување на механизми за справување со последиците од семејното насилство и општествена реинтеграција на жртвите од семејно насилство, општината во соработка со невладините организации и религиозните заедници ќе организира терапевтска заедница која ќе даде психо-социјална поддршка на жртвите на семејно насилство.

**Цел 5: Унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата**

Мерки:

9. Со цел унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата Комисијата за еднакви можности ќе ги распространи протоколите и листите за проверка за вклучување на жените во одлучувањето на локално ниво и ќе изработи родово сензитивен формулар за собирање на потребите на мажите и жените кој ќе го користат месните заедници при програмирањето и процесот на буџетирање.

10. Со цел унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата ќе се организираат најмалку еден отворен ден со градоначалникот, најмалку една јавна расправа и една дискусија на фејсбук на тема од интерес на руралните и маргинализирани жени, а заклучоците од истите ќе бидат преточени во одлуки кои одговараат на интересите и потребите на руралните и маргинализирани жени од општината Гази Баба.

**Цел 6: Вградување на родова перспектива во програмите и буџетите на Општина Гази Баба**

Мерки:

11. Создавање на родово поделена статистика преку прибирање на податоци од родов аспект, анализа, и градење на систем за управување со знаење

12. Воведување на партиципативни модели на креирање на политики и буџети за администрација

Овде е предвидено одржување на работилници и трибини за населението на ОГБ за партиципативно носење на буџет, работилници и трибини за невладини организации кои работат на територија на ОГБ за партиципативно носење на одлуки и буџети, работилници и трибини за актив на директори на ЈУДГ и ООУ на територија на ОГБ за партиципативно носење на одлуки и буџети, работилници и трибини за бизнис заедницата со седиште на територија на ОГБ за партиципативно носење на одлуки и буџети.

**<u>3.Финансиски план</u>**

За спроведување на активностите предвидени со програма се предвидени следните финансиски средства и тоа:

| *Ред бр* | *Активност* | *Рок и место на одржување* | *Носител на активностите* | *Предвидени с-ва во буџетот на ОГБ* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Градење на капацитетите на вработените во ОГБ за родово одговорно креирање политики и буџети | јануари-декември 2019 | ОГБ | 60.000,00 |
| 2. | Градење на капацитетите на советниците за родово одговорно креирање политики и буџети | јануари-декември 2019 | ОГБ | 60.000,00 |
| 3. | Манифестација 8ми март<br><br>Тема:правата на жената трибина со Пригоден коктел | март 2019 | ОГБ | 40.000,00 |
| 4 | Изработка и распространување на материјали,печатење на стратегијата за родова еднаквост | мај-јуни 2019 | | 0.000,00 |
| 5. | Промотивни активности на стратегијата за родова еднаквост (јавно претставување, трибина и пригоден коктел) | мај-јуни 2019 | ОГБ заедно со НВО | 0.000,00 |
| 6. | Подигнување на свеста за грижа на жената за репродуктивното здравје | јули- ноември 2019 | ОГБ заедно со НВО | 60.000,00 |
| 7. | Подигање на свеста за рано откривање на рак на простата кај мажите | август-декември 2019 | ОГБ заедно со НВО | 60.000,00 |
| 8. | Едукација за семејно насилство преку организирање на трибини | мај-јуни 2019 | ОГБ со НВО | 30.000,00 |
| 9. | Создавање на родово поделена статистика | континуирано 2019 | ОГБ | 0.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Институционализација во процедури, постапки формулари | континуирано 2019 | ОГБ | 0.000,00 |
| 11. | Воведување на партиципативни модели на креирање политики и буџети администрација и градење на капацитети за подигнување на јавната свест | континуирано јануари-декември 2019 | ОГБ | 0.000,00 |
| 12 | Терапевтска заедница за психосоцијална поддршка на жртвите од семејно насилство | во текот на 2019 | ОГБ до НВО | 0.000,00 |
| 13. | Распространување на протоколи, листи за проверка и формулар | март-април 2019 | ОГБ | 0.000,00 |
| 14. | Организација на јавна расправа и трибина со маргинализирани жени | октомври-ноември 2018 | ОГБ во соработка со НВО | 0.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | | **310.000,00** |

4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 01.01.2019 година.

**Број 09-5635/35**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.12.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5939/34**
**од 26.12.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 138 став (2) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Осумнаесеттата седница одржана на ден 24.12.2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. **ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2019 ГОДИНА.**

**Образложение:** Со одлуката се врши утврдување на највисокиот износ на готовински парични средства кои можат да се чуваат во благајната на општината во 2019 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансиски прашања**

2. **ПРЕДЛОГ- ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА.**

**Образложение:** Завршната сметка се донесува согласно Законот за Буџетите. Завршната сметка се изготвува во согласност со класификацијата трошоците и се состои од општ и посебен дел и биланс на приходи и расходи.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансиски прашања**

3. **ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2019 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат опфатени материјалното и финансиското работење на општината во 2019 година, односно трошењето на средствата од Буџетот на општината. Ваков извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година при што ќе се даваат податоци за остварување на Буџетот на општината.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансиски прашања**

4. **ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф", НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани сите реализирани мерки во остварувањето на програмата.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧИ:** **Сектор за урбанизам и градежно земјиште**
**Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

5. **ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на евентуално настанатите проблеми.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

6. **ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ (Ј) НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА- ПОДПРОГРАМА (ЈНО) УРБАНА ОПРЕМА - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ -**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на евентуално настанатите проблеми.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје**

7. **ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските показатели во однос на користењето на средствата наменети за одржувањето на уличното осветлување во населбите и населените места на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

8. **ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани програмските активности кои биле реализирани во тековната година. Ваков извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

9. **ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОТОКОЛАРНИ АКТИВНОСТИ И ВОСТАНОВЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за протоколарни активности и востановени традиционални активности за 2018 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

10. **ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОЕКТИ ОД ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за реализација на програмата за проекти од здруженија на граѓани за 2018 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

11. **ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по програмата за 2018 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

12. **ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по програмата за 2018 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

13. **ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за тековното одржување на училишта во Општина Гази Баба, за 2018 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**14. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО УЧИЛИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за одржани културни манифестации во училиштата, за 2018 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**15. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат искажани состојбите и проблемите од еколошки аспект на подрачјето на Општина Гази Баба (аерозагадување, снабдување и составот на водата за пиење на основа добиените податоци од мерните пунктови, одржувањето на јавната чистота и слично).

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за заштита на животната средина и природата**

**16. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за социјална заштита, за 2018 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**17. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за одржување на објектите на детските градинки, за 2018 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**18. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени во областа на заштитата и спасувањето од превентивен карактер, за 2018 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за правни и општи работи**

**19. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за локален економски развој, за 2018 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за ЛЕР и ИКР**

**20. ИНФОРМАЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА.**

**Образложение:** Со информациите кои се доставуваат полугодишно ќе бидат презентирани состојбите околу безбедносната состојба на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година. Информацијата ја поднесува МВР-СВР-Скопје, ПС од ОН Гази Баба.

**21. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ПРОЕКТИ ВО ПОСТАПКА.**

**Образложение:** Во информацијата ќе бидат наведени колку и кои урбанистички планови се донесени во тековната година и проекти кои се во постапка за нивно донесување на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за урбанизам и градежно земјиште**

**22. УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА.**

**Образложение:** Утврдувањето на Нацрт - Деталните урбанистички планови, урбанистичките планови за села и вон населено место ќе се реализираат согласно Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за урбанизам и градежно земјиште**

**23. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** По спроведената постапка за донесување на урбанистички планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање се донесуваат одлуки за донесување на урбанистички планови за подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за урбанизам и градежно земјиште**

**24. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА, ЗА 2019/2020 ГОДИНА,**

**Образложение:** Советот на Општината Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на единаесетте основните училишта на подрачјето на Општината Гази Баба, за 2019/2020 година,.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Училишни одбори на училишта**

**25. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019/2020 ГОДИНА**

**Образложение:** Советот на Општина Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на детските градинки за 2019/2020 година на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧИ:** **Управните одбори на детските градинки**

**26. ПРЕДЛОГ - БУЏЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА, СО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА 2020 ГОДИНА**

**Образложение:** Правниот основ за донесување на буџетот и одлуката за неговото извршување како основен акт и услов за финансирање на општината во тековната година се Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансиски прашања**

**27. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф", НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати обемот и динамиката на работите што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште на просторот на Општина Гази Баба за 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧИ:** **Сектор за урбанизам и градежно земјиште**
**Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

28. **ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА, НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во рамките на средствата што се определени за реализација преку ЈП за државни патишта, ќе се предложи програма изработена според барањата на граѓаните и нивните потреби. Исто така во програмата ќе се определат активности за уредување на улиците во населените места и за сервисните и станбени улици на подрачјето на Општина Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

29. **ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ (Ј) НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА - ПОДПРОГРАМА (ЈНО) УРБАНА ОПРЕМА - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ.**

**Образложение:** Со програмата се предвидуваат обемот, начинот, динамиката на работите и средствата сврзани со урбаната опрема на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје**

30. **ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Со програмата се предвидуваат обемот, начинот, динамиката на работите и средствата сврзани со уличното осветлување на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

31. **ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со културата во Општина Гази Баба за 2020 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

32. **ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ПРОТОКОЛАРНИ АКТИВНОСТИ И ВОСТАНОВЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за протоколарните и традиционални активности во 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**33. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ПРОЕКТИ ОД ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за проекти на Здруженија на граѓани во 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**34. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА СПОРТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со спортот во Општина Гази Баба за 2020 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**35. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со младите во Општина Гази Баба за 2020 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**36. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ДОМОВИТЕ НА КУЛТУРАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со домовите на културата во Општина Гази Баба за 2020 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**37. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со училишниот спорт во Општина Гази Баба за 2020 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**38. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за тековното одржување на училиштата во Општина Гази Баба за 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**39. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО УЧИЛИШТАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за културни манифестации во училиштата за 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**40. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати обемот и динамиката на работењето и потребните финансиски средства за заштита на животната средина и природата за 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за заштита на животната средина и природата**

**41. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на Програмата за социјална заштита за 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

**42. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на Програмата за одржување на предучилишните установи за 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

43. **ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на Програмата за заштита и спасување за 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за правни и општи работи**

44. **ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на Програмата за локален економски развој за 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за ЛЕР и ИКР**

45. **ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ: ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје**

46. **ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на Програмата и слободните локации на подрачјето на општината за спроведување на соодветни постапки согласно Законот за градежното земјиште, во надлежност на комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање, за 2020 година.

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба**
**ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање**

47. **ПРЕДЛОГ- ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА.**

**Образложение:** Основ за изработка на Програмата за работа на Советот се работите што со закон се ставени во надлежност на Советот. Програмата за работа ја донесува Советот за една календарска година, по предлог на комисијата за

програмирање на работата на Советот на Општината Гази Баба. Оваа програма во текот на годината е отворена и може да се менува и дополнува на начин и постапка како што е и донесена.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Комисија за програмирање на работата на Советот**
**ИЗГОТВУВАЧ:** **Комисија за програмирање на работата на Советот**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 01.01.2019 година.

**Број 09-5635/36**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.12.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5939/35**
**од 26.12.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА -СКОПЈЕ

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за урбанизам и градежно земјиште**

**Сектор за комунални работи, сообраќај и градежништво**

# ПРОГРАМА

# ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА

**Декември, 2018 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 20 став (3) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18) и член 94 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Осумнаесеттата седница одржана на ден 24.12.2018 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА

### 1. ВОВЕД

**ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" се состои од следните подпрограми:**

**I. Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**II. Ф.2 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно- оперативни трошоци)**

**III. Ф.3 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (тековно- оперативни трошоци)**

**IV. Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)**

**V. Ф.Д ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (капитални трошоци)**

**ВКУПНИ ПРИХОДИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" ПО СИТЕ ОСНОВИ ИЗНЕСУВААТ:**

**ПРИХОДИ:**

| Кате-горија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови приходи | Износ во денари | Струк-тура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| | | | | **Вкупни приходи** | | 100% |
| **71** | | | | **Даночни приходи** | | |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | | |
| | | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | | |
| **73** | | | | **Капитални приходи** | | |
| | 733 | | | Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | | |
| | | 7331 | | Приходи на ЕЛС остварени преку отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РМ | | |
| | | | 733132 | Приходи на ЕЛС остварени преку отуѓување и закуп на градеѓно земјиште сопственост на РМ | | |
| | | | 733144 | Надоместок за утврдување на легален статус на бесправно-изградени објекти | | |
| **74** | | | | **Трансфери и донации** | | |
| | 741 | | | Трансфери од други нивои на власта | | |
| | | 7412 | | Капитални трансфери од други нивоа на власта | | |
| | | | 7412 11 | Капитални трансфери од други нивоа на власта | | |
| | 744 | | | Други неданочни приходи | | |
| | | 7441 | | Донации од приватни компании | | |
| | | | 744111 | Тековни донации-претпријатија | | |
| | 743 | | | Дополнителни донации | | |
| | | 7432 | | Дополнителни донации | | |
| | | | 743211 | Капитални донации | | |

**Овие вкупни приходи се распределуваат во потпрограмите „Ф1. Ф2. Ф3. Ф.А и Ф.Д.“**

## I. Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

## ВОВЕД

Тековно- оперативните трошоци за урбанистичко планирање, се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува Годишна програма за изработка на детални урбанистички планови, урбанистички планови за село, урбанистички планови вон населено место, локални урбанистички плански документации, проекти за инфраструктура.
Со оваа подпрограма се уредува:
1.Извори на финансирање,
2.Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање,
3.Динамика на извршување на подпрограмата,
4.Преодни и завршни одредби.

**1.Извори на финансирање:**
Подпрограмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:

**ПРИХОДИ**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни приходи** | | | | | **5.600.000** | |
| 71 | Даночни приходи | | | | | 0 | |
| | 717 | Даноци на специфични услуги | | | | 0 | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | | 0 | |
| | | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште(дел) | | 0 | |
| 73 | Капитални приходи | | | | | 5.600.000 | |
| | 733 | Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | | | | 5.600.000 | |
| | | 7331 | Приходи на ЕЛС остварени преку отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РМ | | | 5.600.000 | |
| | | | 733144 | Надоместок за утврдување на легален статус на бесправно- изградени објекти | | 5.600.000 | |

**2.Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање**
Расходите за реализација, според намената и по поедини видови елементи на Општината се:

**РАСХОДИ**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | | | | **5.600.000** | **100%** |
| 42 | Стоки и услуги | | | | | **5.600.000** | |
| | 425 | Договорни услуги | | | | **5.600.000** | |
| | | 4256 | Услуги за животна средина и планирање | | | **5.600.000** | |
| | | | 425640 | Изработка на урбанистички планови | | 4.500.000 | |
| | | | | Изработка на урбанистички планови по редовна постапка | | 2.000.000 | |
| | | | | 1 | СИ 01 | | |
| | | | | 2 | СИ 02 | | |
| | | | | 3 | СИ 03 | | |
| | | | | 4 | СИ 04 | | |
| | | | | 5 | СИ 05 | | |
| | | | | 6 | СИ 06 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 7 | СИ 07 | | |
| | | | | 8 | СИ 08 | | |
| | | | | 9 | СИ 09 | | |
| | | | | 10 | СИ 10 | | |
| | | | | 11 | СИ 11 | | |
| | | | | 12 | СИ 12 | | |
| | | | | 13 | С17 | | |
| | | | | 14 | С 18 | | |
| | | | | 15 | С 19 | | |
| | | | | 16 | С 20 | | |
| | | | | 17 | С 21 | | |
| | | | | 18 | С 22 | | |
| | | | | 19 | С 23 | | |
| | | | | 20 | С 26 | | |
| | | | | 21 | ССИ 07 | | |
| | | | | 22 | ССИ 08 | | |
| | | | | 23 | ССИ 09 | | |
| | | | | 24 | ЦС 09 | | |
| | | | | 25 | ЦС10 | | |
| | | | | 26 | ЦС11 | | |
| | | | | 27 | ЦС 12 | | |
| | | | | Урбанистички планови за село на територијата на Општина Гази Баба | | | |
| | | | | 28 | УП за с. Трубарево Р=1: 1000, 1:2500 | | |
| | | | | 29 | УП за с. Гоце Делчев Р=1: 1000, 1:2500 | | |
| | | | | 30 | УП за с. Јурумлери Р=1: 1000 | | |
| | | | | 31 | УП за с. Колонија Идризово Р=1: 1000, 1:2500 | | |
| | | | | 32 | УП за с. Идризово Р=1: 1000,1:2500 | | |
| | | | | 33 | УП за с. Синѓелиќ Р=1: 1000,1:2500 | | |
| | | | | 34 | УП за с. Стајковци Р=1: 1000, 1:2500 | | |
| | | | | 35 | УП за с. Инџиково Р=1: 1000,1:2500 | | |
| | | | | 36 | УП за с. Булачани Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 37 | УП за с. Црешево Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 38 | УП за с. Виниче Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 39 | УП за с. Страчинци =1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 40 | УП за с. Смилковци Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 41 | УП за с. Брњарци Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 42 | УП за с. Раштак Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 43 | Урбанистички планови вон населено место на територијата на Општина Гази Баба | | |
| | | | | 44 | Изменување и дополнување на УПВНМ СРЦ Гази Баба, блок 1- Општина Гази Баба- Скопје | | |
| | | | | 45 | Општи акти за селата во ОГБ | | |
| | | | | Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови на РМ | | | |
| | | | | Трошоци за спроведување постапка по извештаи за стратешка оцена на влијанието на животната средина за урбанистичките планови, ЛУПД, проекти за инфраструктура и проекти | | | |
| | | | | Трошоци за изготвување и изменување на планови по иницијатива на граѓани и правни лица | | | |
| | | | | Трошоци за изработка на локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба | | | |
| | | | | Трошоци за изработка на архитектонско-урбанистички проекти | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Трошоци за изработка на проекти за инфраструктура | | |
| | | | | Трошоци за изработка на ревизија на планови, ЛУПД, АУП и проекти за инфраструктура | | |
| | | | | Трошоци за изработка на основни проекти за градби од високоградба за потребите на Општина Гази Баба | | |
| | | | | Трошоци за изработка на ревизија на основни проекти за градби од високоградба за потребите на Општина Гази Баба | | |
| | | | | Трошоци за технички дијалог | | |
| | | | | Ажурирање на геодетски подлоги за планови и други геодетски услуги | 2.000.000 | |
| | | | | Трошоци за надградба и тековно одржување на постоечки ARCGIS софтвер | 500.000 | |
| | | **4259** | | **Други договорни услуги** | **1.100.000** | |
| | | | 4259 20 | Услуги за копирање, печатење и огласување во дневен печат | 100.000 | |
| | | | 4259 30 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) конзерваторски основи и сл. | 0 | |
| | | | 4529 40 | Рушење на објекти заради реализација на урбанистички планови | 750.000 | |
| | | | 4259 90 | Други договорни услуги | 250.000 | |

**3.Динамика на извршување на подпрограмата**

Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, како и од прилиот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства согласно Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година.

**4.Преодни и завршни одредби**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Гази Баба, преку Секторот за урбанизам и градежно земјиште и Секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај.

## II. Ф.2 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно оперативни трошоци )

## III. Ф.3 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА

ПОДПРОГРАМАТА Ф.2 ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно оперативни трошоци), И ПОДПРОГРАМАТА Ф.3 ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ, СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СЛЕДНИТЕ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА:

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ПО ПОДПРОГРАМАТА Ф.2 и Ф.3**
**П Р И Х О Д И**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни приходи** | | | | | **750.000** | |
| 73 | Капитални приходи | | | | | 750.000 | |
| | 733 | Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | | | | 750.000 | |
| | | 733 | Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | | | 750.000 | |
| | | | 733144 | | Надоместок за утврдување на легален статус на бесправно-изградени објекти | 750.000 | |

**ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ПО ПОДПРОГРАМАТА Ф.2 и Ф.3**

**Р А С Х О Д И**

| Ка т. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни расходи** | | | | | **750.000** | |
| 42 | Стоки и услуги | | | | | 750.000 | |
| | 425 | Договорни услуги | | | | 200.000 | |
| | | 4259 | Други договорни услуги | | | 200.000 | |
| | | | 4259 20 | Услуги за копирање, печатење и издавање | | 200.000 | |
| | 426 | Други тековни расходи | | | | 550.000 | |
| | | 4269 | Други оперативни расходи | | | 550.000 | |
| | | | 4269 90 | Други оперативни расходи | | 550.000 | |

## IV. Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ( Капитални трошоци )

Со оваа подпрограма се уредува:

**1.Просторот на уредување,**
**2.Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште,**
**3.Обем и степен на опремување на градежното земјиште,**
**4.Финансирање на подпрограмата**
**5.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште,**
**6.Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и негова распределба,**
**7.Начин на распределба на средствата за изградба на инфраструктурата,**
**8.Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти,**
**9.Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште,**
**10.Динамика за извршување на потпрограмата;**

**1.ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ**

Како простор, кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изградените и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Гази Баба.

**2.ОБЕМ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно- правните односи,
- расчистување на градежната парцела (селидба, уривање и транспорт).

**3.ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Наменската употреба на уреденото градежно земјиште во урбаниот дел, како и во населените места и вон населените места на подрачјето на Општина Гази Баба, соодвествува со класите на намени утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16) и важечките урбанистички планови и урбанистичко планска документација.

Градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, (Сл. весник на РМ бр. 93/2011; 65/2012; 75/2012 и 98/2012, 133/2013, 155/2013

и 96/2014), според деталните урбанистички планови, урбанистичките планови за село, урбанистичките планови вон населено место и локалните урбанистички плански документации. И тоа:

а) објекти за заедничка комунална потрошувачка:
- изградба на јавен пат и други површини согласно урбанистичките планови,
- изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа,
- изградба на јавно осветлување,
- изградба на јавно зеленило,
- изградба на пречистителна станица за отпадни води,

б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:
- изградба на секундарна водоводна мрежа,
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа,

Целосното опремување на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни претпоставки, технички услови и материјални средства.

**4.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Оваа подпрограма се финансира од Буџетот на Општина Гази Баба.

**5.ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**5.1. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.А.**

**(Место за ФА табела)**

5.2 ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.А. РАСХОДИ ЗА 2019Г.

|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.268.745.000** | **419.424.000** | **45.000.000** | **398.600.000** | **13.420.000** | **25.000.000** | **901.444.000** |
| VA | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 25.450.000 | 15.000.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 16.500.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| VA0 | СОЦИЈАЛНА ЗАшТИТА И ЗАшТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 10.450.000 | 0 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 |
| VAO | Изградба на нова детска градинка во н.м. Стајковци | 15.000.000 | 15.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **25.450.000** | **15.000.000** | **1500000** | **0** | **0** | **0** | **16.500.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 2.500.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 22.950.000 | 15.000.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 15.400.000 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 800.000 |
| VA0 | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 10.450.000 | 0 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **10.450.000** | **0** | **1.500.000** | **0** | **0** | **0** | **1.500.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 2.500.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 7.950.000 | 0 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 400.000 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 800.000 |
| VAO | Изградба на нова детска градинка во н.м. Стајковци | 15.000.000 | 15.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **15.000.000** | **15.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **15.000.000** |
| 482 | Други градежни објекти | 15.000.000 | 15.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ
## Ниво на: СТАВКА

| Категорија / Ставка | О П И С | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.268.745.000 | 419.424.000 | 45.000.000 | 398.600.000 | 13.420.000 | 25.000.000 | 901.444.000 |
| X0 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 0 | 310.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 310.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| X00 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 0 | 310.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 310.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **0** | **170.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **170.000** |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 170.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 170.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **140.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **140.000** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 0 | 140.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 140.000 |
| X00 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 0 | 310.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 310.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **0** | **170.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **170.000** |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 170.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 170.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **140.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **140.000** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 0 | 140.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 140.000 |

# <u>*О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*</u>

**На Предлог-Буџетот на Општината Гази Баба**

**за 2019 година**

Предлог-Буџетот на Општината Гази Баба за 2019 година, е проектиран на вкупен износ од **901.444.000,00** денари и истиот претставува финансиски приказ на планираните приходи во вкупен износ од **901.444.000,00** денари, на планираните расходи во вкупен износ од **901.444.000,00** денари утврдени во предложените Предлог-Програми за развој за период 2019-2021 година и во Предлог-Програмите за извршување на планираните активности и проекти за 2019 година и на планираното дефицитно финансирање во вкупен износ од 71.576.000,00 денари.

Согласно Законот за буџети (,,Службен весник на РМ,, бр.64/05, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) и Законот за финансирање на ЕЛС (,,Службен весник на РМ,, бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18), Предлог-Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година содржи: општ, посебен и развоен дел.

Истиот претставува годишен план на приходи, на други приливи и на одобрени средства и ги вклучува **основниот буџет**, **буџетот на дотации**, **буџетот на донации**, **буџетот на заеми** и **буџетот на самофинансирачки активности**. Во општиот дел е дадена фискалната табела во која се утврдени вкупните износи на одделните видови на планирани приходи и расходи за 2019 година. Во посебниот дел се прикажани поделните видови на приходи и расходи по ставки и по одделни програми за 2019 година. Во развојниот дел се прикажани поделните расходи по ставки и по одделни програми за дел од активностите утврдени во развојните програми за 2019 година.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Советот на Општината треба да го донесе Буџетот на Општината за 2019 година и Одлука за извршување на Буџетот, најдоцна до 31.12.2018 година.

## I. <u>ПРИХОДИ</u>

Вкупните приходи во Предлог-Буџет на Општината Гази Баба за 2019 година се планирани во вкупен износ од **901.444.000,00** денари. Овие средства се планира да се остварат преку реализација на даночните приходи, неданочните приходи, капитални приходи како и од трансферите на Основниот Буџет кој е во вкупен износ од **419.424.000** денари, од приходи од донации во вкупен износ од **13.420.000** денари, од приходи од блок дотации за активностите од социјалната заштита на децата во вкупен износ од **90.940.000** денари; од приходи од блок дотации за основно образование во вкупен износ од **307.660.000** денари, од приходите од самофинансирачките активности кај детските градинки и училиштата во вкупен износ од **45.000.000** денари, како и од приходи од кредити во вкупен износ од **25.000.000** денари.




Извор: Општината Гази Баба

Во вкупно планираните приходи во Предлог-Буџет за 2019 година, приходите на основниот буџет учествуваат со 46,53%, приходите од донации со 1,49%, блок дотациите со 44,22% , приходите од самофинансирачки активности на основните училишта и детските градинки со 4,99% и прливот од кредит со 2,77% .

Планираните приходи во Основниот буџет за 2019 година во вкупен износ од 419.424.000 денари кои се лимитирани се утврдени врз основа на просечно остварените приходи во последните три години со вклучен пораст од најмногу 10% според податоците на трезорската евиденција, согласно ограничувањата при планирањето на сопствените приходи утврдени со одредбите од Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.209/2018). Со овие одредби при планирањето како максимални износи на сопствените приходи на основниот буџет се пропишани даночните приходи, неданочните приходи, капиталните приходи и трансферите без дотацијата од ДДВ.




Извор: Општината Гази Баба

Дотациите од приходите од ДДВ се проектирани во износ од 27.699.000 денари, врз основа на утврдениот износ доставен од Министерството за финансии согласно Уредбата за методологијата за распределба на приходите од ДДВ по општини за 2019 година.

Висината на блок дотациите од Министерството за труд и социјална заштита за финансирање на активностите за социјална заштита на децата за 2019 година се планирани во вкупен износ од 90.940.000 денари. Висината на блок дотациите од Министерството за образование за финансирање на активностите на основното образование за 2019 година се планирани во вкупен износ од 307.660.000 денари.

Кај тековните трансфери од Буџетите на Фондовите се проектирани средства на ниво на планираните од предходната година во износ од 5.800.000 **денари**, за изградбата, одржувањето и реконструкцијата на локалните патишта, кои треба да бидат финансирани од страна на Јавното Претпријатие за улици и патишта. Планирањето на овие средства врз осва на податоците од минатата година е од причини да сеуште не се објавени износите на распределените средства за оваа намена по општини.

Капитални проекти финансирани од други нивоа на власт, се планирани во висина од 41.600.000 денари и се во најголем дел планирани од Град Скопје.

Приливите од кредит во износ од 25.000.000 денари, кои треба да се искористат во 2019 година се внесени во вкупните приходи во Буџетот за 2019 година согласно методологијата за изготвување на буџетот пропишана од Министерството за финансии на РМ во фискалната табела во разделот дефицит. Овие средства се наменети за финансирање на Развојната програма ЈИЦ за изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води за населено место Јурумлери.

## II РАСХОДИ

Вкупно планираните расходи во Предлог-Буџет на Општината Гази Баба за 2019 година се утврдени во износ од **901 444.000** денари и произлегуваат од планираните средства за финансирање на активностите на тековно-оперативните и капиталните расходи. Тие се планирани согласно предложените годишни Нацрт-Програми и потпрограми за 2019 година за финансирање на активностите на општината; согласно Програмите за развој кои се однесуваат за 2019 година , зголемени за вкупниот износ на доделените средства од 71.576.000,00 денари од Министерството за финансии на РМ согласно одредбите од Законот за финансиска подршка на единиците на локалната самоуправаи единки корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (,,Службен весник на РМ,, бр. 209/ 18). Вкупно планираните расходи се прикажани во посебниот дел на Предлог-Буџетот на Општината Гази Баба за 2019 година по програми, подпрограми и одделни ставки и подставки.




Извор: Општината Гази Баба

1. Средствата за финансирање на **Програмата на Советот на Општината** се предлагаат во вкупен износ од **79. 765. 000** денари. Истата ги содржи планираните средства за исплата на надоместоци на советници во износ од 5. 800. 000 денари, на персоналниот данок на доход во износ од 700. 000 денари, на постојана резерва во износ од 400. 000 денари, за патни и дневни расходи во вкупен износ од 189. 000 денари, за репрезентација во износ од 200. 000 денари и за други оперативни расходи во износ од 100. 000 денари. Тековната и постојаната буџетска резерва кои се планирани во вкупен износ од 800. 000 денари се распределуваат со Одлуки на Советот на општината по одделни намени за кои ќе биде потребно да се реализираат овие средства.

Во рамките на оваа програма од 2019 година влегува и потпрограмата А1 - Изборни активности и референдуми, без планирани средства како и потпрограмата А3 - Подмирување на доспеани а неплатени обврски во вкупен износ од 71.576.000 денари, доделени на Општина Гази Баба согласно одредбите од Законот за финансиска подршка на единиците на локалната самоуправаи единки корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (,,Службен весник на РМ,, бр. 209/18).

2. Програмата од која се предлага да се финансираат активностите на **Градоначалникот** на Општината е планирана во вкупен износ од **4.260. 000** денари. Оваа програма ги содржи планираните средствата за плата и други надоместоци на Градоначалникот кои заедно со персоналниот данок и придонеси од плата се планирани во вкупен износ од 1.560. 000 денари; предвидените средства за патни и дневни трошоци во вкупен износ од 200. 000 денари, планираните средства за материјали и ситен инвентар во вкупен износ од 60. 000 денари, расходите за репрезентација во износ од 300. 000 денари, други оперативни расходи во износ од 200. 000 денари, трансфери до пензионери и други трансфери ( за вработените во основните училишта и детските градинки) во вкупен износ од 950. 000 денари. Во оваа програма предвидени се и средства за еднократна парична помош во износ од 300. 000 денари.

3. За финансирање на Програмата на **Општинската администрација** се предлагаат планирани средства во висина од вкупно **122.479. 000 денари**. Истите се распределени во две потпрограми, и тоа Е0-Општинска администрација и ЕА-Капитални трошоци на Општината:

- Во подпрограмата **Општинска администрација** предвидени се средства во висина од вкупно **116.479. 000** денари. Истите се наменети за финансирање на:

- Планираните расходи за плати, надоместоци, персонален данок и за придонеси од плати на вработените во општинската администрација се во вкупен износ од 38. 500. 000 денари. Исплатата на овие средства ќе се врши согласно Законот и согласно колективните договори,
- Планираните средства за патни и дневни трошоци се планирани во висина од 650. 000 денари;
- Планираните средства за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт (водовод и канализација, ѓубретарина, други комунални такси, парно греење, дрва, за електрична енергија, за течни горива, за пошта и за телефони и др.) во вкупен износ од 14. 180. 000 денари,
- Планираните средства за материјали и ситен инвентар се во вкупен износ од 2.200. 000 денари,

- Планираните средства за поправки и тековно одржување се во вкупен износ од 3. 950. 000 денари кои се наменети за дератизација, дезинфекција и дезинсекција, за поправки и одржување на возилата, и за поправки и одржување на компјутерската и другата опрема, како и за одржување на зелените површини на територијата на општината.
- Планираните трошоци за други договорни услуги се во вкупен износ од 3. 720. 000 денари.
- Расходите кои не можат однапред да се предвидуваат како членарините во домашни организации, објавување на огласи, семинари и конференции се планирани на позицијата други оперативни расходи во висина од вкупно 3. 700. 000 денари,
- За привремени вработувања за 2019 година се планираат средства во износ од 9. 000. 000 денари.
- За плаќање на камати, каде што се вклучени и камтите за кредитот за изградба на ОУ Григор Прличев, се планираат средства во износ од 69. 000 денари.
- Расходите за трансфери до невладини организации (здруженија на граѓани и фондации, на политички партии и останати трансфери) се предвидени средства во износ од 1.910. 000 денари. Овие средства ќе служат за финансирање на активностите на невладините организации и здруженија на граѓани.
- За исплата на разни трансфери се планирани средства во вкупен износ од 4. 500. 000 денари кои се наменети за исплати на стипендии на талентирани ученици и студенти, за плаќања по судски решенија, за трансфери за пензионери и за други трансфери.
- Социјалните надоместоци и еднократни парична помош на вработените се планирани средства во износ од 100. 000 денари.
- За отплата на главница за кредитот за изградба на ОУ Григор Прличев, се планираат средства во износ од 13. 800.000 денари.

- Во потпрограмата **Капитални трошоци на Општината** за 2019 година се предвидуваат средства во висина од **3. 500. 000** денари и истите во најголем дел се наменети за вложувања и нефинансиски средства (компјутерски софтвер), мебел и опрема.

4. За реализацијата на предлог Програмата **Ф -Урбанистичко планирање и уредување на градежното земјиште (Капитални трошоци)** за 2019 година се планирани средства во вкупен износ од **98.590. 000** денари и истата ќе се реализира преку четири потпрограми и тоа:

- За финансирање на потпрограмата **Ф1 - Урбанистичко планирање** предвидени се средства во вкупен износ од 5. 600. 000 денари,
- За финансирање на потпрограмите **Ф2 - Урбанизирање на градежно земјиште** предвидени се средства во вкупен износ од 750. 000 денари,
- Највисоко учество во оваа програма има финансирањето на потпрограмата **ФА- Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** која е планирана во износ од **72.630. 000 денари.** Во рамки на потпрограмата **ФА** предвидени се три развојни програми во 2019 година и тоа:
  - ***ФАО -*** *Изградба на улици и патишта за Н. Хиподром 2* во износ од ***20. 000. 000*** денари.
  - ***ФАБ -*** *Изградба на паркинг места во Н. Автокоманда* во износ од ***12. 500. 000*** денари.
  - ***ФАД -*** *Изградба на паркинг капацитети кај плоштадот во Н.Автокоманда* во износ од ***2. 500. 000*** денари.

5. Во програмата **J -Комунални дејности** во Предлог-Буџет на општината за 2019 година се предвидени средства во вкупен износ од **79.900. 000** денари, кои се наменети за финансирање на следните подпрограми и тоа:

- За финансирање на потпрограмата **J3 - Улично осветлување** се предвидени вкупно средства во износ од **15.500. 000денари**. Реализацијата на средствата за одржување на уличното осветлување ќе се врши преку предложената Програма за улично осветлување, во која се дава потрошокот на електрична енергија како и изградбата и тековното одржување на уличното осветлување.
- За финансирање на подпрограмата за **J4 - Јавна чистота** предвидени се средства во износ од **8.000. 000денари**, кои се предвидени за чистење и одржување на хигиената на територијата на Општина Гази Баба.
- За потпрограмата **J6 -Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот** која е наменета за ревитализација и зимско одржување на патиштата и улиците за 2019 година, се предвидуваат вкупно средства во висина од **2. 000. 000**денари.
- За финансирање на подпрограмата за **J7 - Одржување и користење на паркови и зеленило** предвидени се средства во износ од **300. 000денари** за набавка на садници за парковите и одржување на зелените површини на територијата на Општина Гази Баба и истите се утврдени во предложената Програма за заштита на животната средина.
- За финансирање на подпрограмата за **J8 - Други комунални услуги** предвидени се средства во износ од **8. 000. 000денари** кои се наменети за субвенционирање на активностите на општинското јавното комунално претпријатие Гази Баба-2007 во делот на исплатите на ангажираните работници за јавни работи на чистење и уредување на јавните и зелените површини на територијата на општината како и за набавка на специјализирани возила за потребите на ЈКП Гази Баба- 2007
- За потпрограма **JA -Изградба на јавно осветлување** се предвидени **4. 000. 000денари.**
- За потпрограмата **JH -Урбана опрема (капитални расходи)** се предвидени средства во висина од **300. 000денари** и истите се наменети за набавка, поставување и замени на клупи, корпи и канти за отпад, мобилни тоалети и на друга урбана опрема.
- За потпрограмата **ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** се предвидени средства во висина од **5. 800. 000, 00денари** и се наменети за асфалтирање на нови улици и реконструкција на постојните патишта и улици.

-За финансирање на потпрограмата **ЈИ - Изградба на системи за пречистување и одводнување на отпадни води** се планирани средства во износ од **36.000. 000**денари за реализација на четири развојни програма во 2019 година и тоа:

- ***ЈИА -** Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води за Н.М. Трубарево – Идризово* во износ од ***20. 000. 000***денари.
- ***ЈИБ -** Изградба на примарна фекална канализација за н.м. Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци* во износ од ***11. 000. 000***денари.
- ***ЈИО -** Изградба на системи за одводнување на атмосферски води за Н.Триангла* во износ од ***5.000. 000***денари.
- **ЈИЦ -***Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за населено место Јурумлери* во износ од **25. 000. 000**денари. Овие средства се предвидени да се обезбедат со заем од Светска банка.

5. За реализацијата на Програмата **Г - Поддршка на локалниот економски развој** се планирани средства во вкупен износ од **10.400. 000 денари** кој се наменета за реализација на планираните активности со нацрт-програмата за локален економски развој за 2019 година, од кои 9. 400. 000 денари за потпрограмата Г1 - Поддршка на локалниот економски развој, а во рамките на оваа програма е вклучена и развојната програма :

- ***ГДЕ –*** *Проекти за енергетска ефикасност* во износ од ***1. 000. 000*** денари.

6. За реализацијата на Програмата **К - Културни манифестации** и **творештво** за 2019 година се планирани средства во вкупен износ од **1.650. 000 денари** и истата ќе се реализира преку потпрограмата **К4 - Културни манифестации и творештво.**

7. Во Програмата **Л - Спорт и рекреација** се планирани средства износ од **18.060. 000 денари** наменети за реализација на спортски манифестации и активности планирани, во предложените годишни предлог Програми за спорт и рекреација за 2019 година, Програмата за училишен спорт за 2019 година и Развојната Програма за градење на спортски терени и тоа:

– Во потпрограмата **ЛО - Спорт и рекреација** каде се планирани средства износ од **3.060. 000** денари наменети за реализација на спортски манифестации и активности планирани во предложените предлог Програма за спорт и рекреација за 2019 година и Програмата за училишен спорт за 2019 година.

- Во Развојната програмата ***ЛАО - Спорт и рекреација (Капитални трошоци)*** се планирани средства износ од ***15. 000. 000 денари*** наменети за реализација на дел од усвоената *Програма за развој во 2019 година за изградба на спортски центар Црешево-Стајковци.*

8. Во Програмата **П1 -Заштита на животната средина и природа** се планирани средства во износ од **3.200. 000, 00** денари наменети за реализација на проекти и активности од обласа на заштита на животната средина утврдени во предложената предлог Програма за заштита на животната средина.

9. Во Програмата **ЉО - Заштита и спасување**, каде се планирани средства износ од **500. 000 денари,** наменети за реализација на активности на заштита и спасување утврдени со предложената Програма за заштита и спасување за 2019 година.

10. Во Програмата **Џ** – Родова еднаквост, планирани се средства во износ од 310. 000 денари.

11. Во Програмата **Н -Образование** не се планирани средства од основниот буџет за 2019 година.

12. Во Програмата **В -Социјална заштита и заштита на деца** планирани се средства во износ од **34.920. 000** денари во чии рамки спаѓаат помошта во drва за социјално загрозените лица, новогодишни пакети, трансфери до Црвен крст како, трансфери за привремени вработувања во детските градинки и еднократната парична помош на корисници кои имаат потреба од евентуална помош по основ на непогода, болест и други потреби согласно

критериумите утврдени во правилникот со вкупен износ од 4.920. 000денари. Капиталните расходи се во износ од 15.000.000 денари и се однесуваат на развојната програма:

- ***ВА** – Социјална заштита и заштита на деца ( капитални расходи) во износ од **15. 000. 000, 00** денари, наменети за изградба на нова детска градинка во н.м. Стајковци.*

13. Вкупните средства за финансирање на образованието **Потпрограмата Н1 – Основни училишта** изнесуваат **307. 660. 000** денари и се финансираат од блок дотациите од Министерството за образование. Распределбата на средствата по одделни училишта (за плати и материјални трошоци) се врши согласно Методологијата за распределба на блок дотациите на основните училишта во Општина Гази Баба.

14. Средствата за финансирање на социјалната заштита **Потпрограмата В1 - Детски градинки** се планираат да изнесуваат вкупно **90. 940. 000** денари, од блок дотациите кои се планираат да ги обезбеди Министерството за труд и социјална политика на РМ. Вкупните средства (за плати и за материјални трошоци) се распределуваат на двете градинки по одделни видови на трошоци согласно Методологијата за распределба на блок дотациите на детските градинки во Општина Гази Баба.

15. Планираните средства за расходи финансирани од **самофинансирачките активности** на детските градинки и на основните училишта се предвидува да изнесуваат вкупно **45. 000. 000** денари.

16. Планираните расходи финансирани од **донации** изнесуваат **13. 420. 000** денари.

17. Расходите од **кредити** го опфаќаат финансирањето на потпрограмата ЈИЦ за изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води за населено место Јурумлери со користење на подзаем од Министерството за финансии на РМ, кредитиран од Светската банка. Средствата планирани за оваа намена за 2019 година се во вкупен износ од **25. 000. 000, 00** денари и се прикажано како финансирање на дефицит.

Имајќи ги во предвид реалните можности во остварувањето на сопствените приходи на општината, како и износите на трансферите и блок дотациите од министерствата, може да се констатира дека утврдувањето на планираните приходи и расходи во 2019 година е базирано на реалните можности на остварувањето на приходите и реализирањето на расходите на Општината.

Советот на Општина Гази Баба го разгледа и го прифати Предлог -Буџет на Општината Гази Баба за 2019 година, заедно со предложените амандмани усвоени на наведената седница и истиот представува финансиски приказ на предлог-програмите за планираните оперативни активности и програмите за развој за 2019 година, усвоени заедно со предложените измени во амандманите.

Изготвил

Сектор за финансиски прашања

**Член 4**

Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гази Баба" а ќе започне да се применува од 01.01.2019 година.

**Број 09-5635/55**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# III. РАЗВОЕН ДЕЛ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОД 2019-2021 ГОДИНА

FAB Уредување на градежно земјиШте (капитални расходи) во н.м Автокоманда

ЦЕЛ Да се зголеми капацитетот на паркинг места во населба Автокоманда преку изградба на монтажен паркинг до крајот на 2019 година

| Категорија | Извор на финансирање | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **12.500.000** | **0** | **0** |
| | БУЏЕТ | 12.500.000 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **12.500.000** | **0** | **0** |

FAD Изградба на други објекти (капитални расходи)во н.м. Автокоманда монтажен паркин

ЦЕЛ Да се зголеми капацитетот на паркинг места во населба Автокоманда, преку изградба на монтажен паркинг кај плоштадот до крајот на 2020 год.; Да се создадат предуслови за нормално одвивање на сообраќајот; Подобрување на квалитетот на живот на жителите на населба Автокоманда;

| Категорија | Извор на финансирање | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **2.500.000** | **12.500.000** | **0** |
| | БУЏЕТ | 2.500.000 | 12.500.000 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **2.500.000** | **12.500.000** | **0** |

FAO Уредување на градежно земјиШте (капитални расходи) во н.м Хиподром2

ЦЕЛ Да се подобри квалитетот на живот на новите жителите на новата урбана населба Хиподром, преку изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура која е во надлежност на општината до крајот на 2019 год.; Да се создадат комунални и сообраќајни предуслови за развој на новата резидентна населба Хиподром II; Заштита на животната средина и здравјето на новите жители на Хиподром II; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на комуналната и сообраќајната инфраструктура;

| Категорија | Извор на финансирање | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|

| | | | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **20.000.000** | **0** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 20.000.000 | 0 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **20.000.000** | **0** | **0** |

GDE Изградба на топловодни инсталации во н.м Триангла и н.м. Хиподром

ЦЕЛ Да се подобри квалитетот на живот на преку 1050 домаќинства во н.м. Триангла и н.м. Хиподром, преку кофинасирање на изградба на топловодни инсталации, во соработка со ЕЛЕМ Енергетика и град Скопје до крајот на 2019 год.; Да се зголеми енергетската ефикасност и да се намалат трошоците за парно греење на жителите на Триангла и Хиподром со изградбата на топловодните системи; Заштита на животната средина и здравјето на жители на Триангла и Хиподром преку намалување на загадувањето на амбиеталниот воздух ; Да се создадат претпоставки за развој на локална green економија преку изградба на топоводните системи кои функционираат на погон на природен гас ;

| | Категорија | Извор на финансирање | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **1.000.000** | **0** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 1.000.000 | 0 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **1.000.000** | **0** | **0** |

JIA Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води за н.м Трубар

ЦЕЛ Да се подобри квалитетот на живот на жителите од руралните населени места во појасот од Трубарево до Идризово, преку изградба на примарна фекална мрежа до крајот на 2020 год.; Заштита на животната средина и здравјето на жителите од наведените рурални населени места; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на комуналната инфраструктура; Да се потикне руралниот развој во сета негова широчина.В35

| | Категорија | Извор на финансирање | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **20.000.000** | **18.000.000** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 20.000.000 | 18.000.000 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 0 | 0 | 0 |
| ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **20.000.000** | **18.000.000** | **0** |

JIB Изградба на примарна фекална канализација во н.м Смиљковци, ЦреШево, Виниче

ЦЕЛ Да се подобри квалитетот на живот на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора, преку изградба на примарна фекална канализација до крајот на 2020 год.; Да се создадат комунални предуслови за динамичен рурален развој на населените места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Заштита на животната средина и здравјето на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на примарната фекална мрежа;

| Категорија | | Извор на финансирање | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **11.000.000** | **10.000.000** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 11.000.000 | 10.000.000 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **11.000.000** | **10.000.000** | **0** |

JIC Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води за н.м. Јурумл

ЦЕЛ Да се подобри квалитетот на живот на жителите од руралното населено место Јурумлери, преку изградба на пречистителна станица со мониторинг и команден пулт, вакум пумпи и примарна фекална мрежа во должина од 4км, до крајот на 2019 год.; Заштита на животната средина и здравјето на жителите од населеното место Јурумлери; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на комуналната инфраструктура; Да се потикне руралниот развој во сета негова широчина.

| Категорија | | Извор на финансирање | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **25.000.000** | **0** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 0 | 0 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 25.000.000 | 0 | 0 |

| | | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **25.000.000** | **0** | **0** |

JIO Изградба на системи за одводнување на атмосферски води за н.м. Триангла

ЦЕЛ Да се подобри квалитетот на живот на жителите од урбаното населено место Триангла, преку изградба на атмосферскиот колектор до крајот на 2020 год.; Заштита на животната средина и здравјето на жителите од населеното место;

| Категорија | Извор на финансирање | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **5.000.000** | **6.000.000** | **0** |
| | БУЏЕТ | 5.000.000 | 6.000.000 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **5.000.000** | **6.000.000** | **0** |

LAO Изградба на спортски центар ЦреШево - Стајковци

ЦЕЛ Да се подобри квалитетот на живот на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора, преку изградба на спортскиот центар до крајот на 2019 год.; Да се создадат инфраструктурни спортски предуслови за развој на спортот во населените места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Заштита на животната средина и здравјето на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на спортскиот центар Црешево - Стајковци;

| Категорија | Извор на финансирање | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **15.000.000** | **0** | **0** |
| | БУЏЕТ | 15.000.000 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **15.000.000** | **0** | **0** |

| VAO | Изградба на нова детска градинка во н.м. Стајковци |
|---|---|
| ЦЕЛ | Да се изгради нова детска градинка со капацитет за 60 деца во н.м. Стајковци до крајот на 2019 година; Да се обезбедат квалитетни и современи услови за згрижување и едукација на деца од предшколска возраст од сите населените места кои гравитираат во регионот на планината Скопска Црна Гора; Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на новиот објект за детска градинка; |

| | Категорија | Извор на финансирање | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **15.000.000** | **0** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 15.000.000 | 0 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **15.000.000** | **0** | **0** |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2020

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | ВКУПНИ ПРИХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **423.618.240** | **45.450.000** | **402.586.000** | **13.554.200** | **25.250.000** | **910.458.440** |
| | | Б У Џ Е Т | | | | | |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **211.776.800** | **0** | **0** | **0** | **0** | **211.776.800** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 17.533.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.533.600 |
| 713 | Даноци на имот | 86.052.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 86.052.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 107.888.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 107.888.200 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 303.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 303.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **5.675.190** | **45.450.000** | **0** | **0** | **0** | **51.125.190** |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 10.100 | 0 | 0 | 0 | 10.100 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 2.121.000 | 50.500 | 0 | 0 | 0 | 2.171.500 |
| 723 | Такси и надоместоци | 19.190 | 45.167.200 | 0 | 0 | 0 | 45.186.390 |
| 725 | Други неданочни приходи | 3.535.000 | 222.200 | 0 | 0 | 0 | 3.757.200 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **49.944.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **49.944.500** |
| 733 | Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања | 49.944.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 49.944.500 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **156.221.750** | **0** | **402.586.000** | **13.554.200** | **0** | **572.361.950** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 156.221.750 | 0 | 402.586.000 | 0 | 0 | 558.807.750 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 5.120.700 | 0 | 5.120.700 |
| 743 | Капитални донации | 0 | 0 | 0 | 4.292.500 | 0 | 4.292.500 |
| 744 | Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 4.141.000 | 0 | 4.141.000 |
| **75** | **ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **25.250.000** | **25.250.000** |
| 754 | Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.250.000 | 25.250.000 |

## БИЛАНС НА РАСХОДИ -
### Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | ОПИС | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 419.434.000 | 45.000.000 | 398.600.000 | 13.420.000 | 25.000.000 | 901.454.000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **66.790.000** | **0** | **302.150.000** | **0** | **0** | **368.940.000** |
| 401 | Основни плати | 40.250.000 | 0 | 221.500.000 | 0 | 0 | 261.750.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 16.710.000 | 0 | 80.650.000 | 0 | 0 | 97.360.000 |
| 404 | Надоместоци | 9.830.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.830.000 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.200.000** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **97.291.000** | **38.950.000** | **76.830.000** | **7.470.000** | **0** | **220.541.000** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.039.000 | 400.000 | 0 | 2.900.000 | 0 | 4.339.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 31.744.000 | 8.050.000 | 33.330.000 | 0 | 0 | 73.124.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 3.457.000 | 18.000.000 | 4.440.000 | 540.000 | 0 | 26.437.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 28.564.000 | 7.400.000 | 31.100.000 | 1.950.000 | 0 | 69.014.000 |
| 425 | Договорни услуги | 13.462.000 | 3.400.000 | 7.960.000 | 970.000 | 0 | 25.792.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 7.025.000 | 1.700.000 | 0 | 1.110.000 | 0 | 9.835.000 |
| 427 | Привремени вработувања | 12.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.000.000 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **69.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **69.000** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 69.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 69.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **22.570.000** | **0** | **0** | **1.350.000** | **0** | **23.920.000** |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.000.000 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 5.760.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.760.000 |
| 464 | Разни трансфери | 8.810.000 | 0 | 0 | 1.350.000 | 0 | 10.160.000 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.000.000** |
| 471 | Социјални надоместоци | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **216.714.000** | **6.050.000** | **19.620.000** | **4.600.000** | **25.000.000** | **271.984.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 3.500.000 | 1.500.000 | 600.000 | 0 | 0 | 5.600.000 |
| 481 | Градежни објекти | 1.000.000 | 500.000 | 13.920.000 | 0 | 0 | 15.420.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 202.864.000 | 2.400.000 | 5.100.000 | 4.600.000 | 25.000.000 | 239.964.000 |
| 483 | Купување на мебел | 400.000 | 1.650.000 | 0 | 0 | 0 | 2.050.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 3.450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.450.000 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 5.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.500.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **13.800.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **13.800.000** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 13.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.800.000 |

Note: the heading "БУЏЕТ" spans the six amount columns (Буџет through ВКУПНИ РАСХОДИ).

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2021

**Ниво на: Ставка**

| Категорија Ставка | О П И С | Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | ВКУПНИ ПРИХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **427.812.480** | **45.900.000** | **406.572.000** | **13.688.400** | **25.500.000** | **919.472.880** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **213.873.600** | **0** | **0** | **0** | **0** | **213.873.600** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 17.707.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.707.200 |
| 713 | Даноци на имот | 86.904.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 86.904.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 108.956.400 | 0 | 0 | 0 | 0 | 108.956.400 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 306.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 306.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **5.731.380** | **45.900.000** | **0** | **0** | **0** | **51.631.380** |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 10.200 | 0 | 0 | 0 | 10.200 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 2.142.000 | 51.000 | 0 | 0 | 0 | 2.193.000 |
| 723 | Такси и надоместоци | 19.380 | 45.614.400 | 0 | 0 | 0 | 45.633.780 |
| 725 | Други неданочни приходи | 3.570.000 | 224.400 | 0 | 0 | 0 | 3.794.400 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **50.439.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **50.439.000** |
| 733 | Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања | 50.439.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.439.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **157.768.500** | **0** | **406.572.000** | **13.688.400** | **0** | **578.028.900** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 157.768.500 | 0 | 406.572.000 | 0 | 0 | 564.340.500 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 5.171.400 | 0 | 5.171.400 |
| 743 | Капитални донации | 0 | 0 | 0 | 4.335.000 | 0 | 4.335.000 |
| 744 | Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 4.182.000 | 0 | 4.182.000 |
| **75** | **ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **25.500.000** | **25.500.000** |
| 754 | Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.500.000 | 25.500.000 |

Note: the column headers from "Буџет" to "ВКУПНИ ПРИХОДИ" are grouped under the spanning header "Б У Џ Е Т".

1

# БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2021

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | ОПИС | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **427.792.480** | **45.900.000** | **406.572.000** | **13.688.400** | **25.500.000** | **919.452.880** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **68.125.800** | **0** | **308.193.000** | **0** | **0** | **376.318.800** |
| 401 | Основни плати | 41.055.000 | 0 | 225.930.000 | 0 | 0 | 266.985.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 17.044.200 | 0 | 82.263.000 | 0 | 0 | 99.307.200 |
| 404 | Надоместоци | 10.026.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.026.600 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.224.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.224.000** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 408.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 408.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 816.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 816.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **99.236.820** | **39.729.000** | **78.366.600** | **7.619.400** | **0** | **224.951.820** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.059.780 | 408.000 | 0 | 2.958.000 | 0 | 4.425.780 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 32.378.880 | 8.211.000 | 33.996.600 | 0 | 0 | 74.586.480 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 3.526.140 | 18.360.000 | 4.528.800 | 550.800 | 0 | 26.965.740 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 29.135.280 | 7.548.000 | 31.722.000 | 1.989.000 | 0 | 70.394.280 |
| 425 | Договорни услуги | 13.731.240 | 3.468.000 | 8.119.200 | 989.400 | 0 | 26.307.840 |
| 426 | Други тековни расходи | 7.165.500 | 1.734.000 | 0 | 1.132.200 | 0 | 10.031.700 |
| 427 | Привремени вработувања | 12.240.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.240.000 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **70.380** | **0** | **0** | **0** | **0** | **70.380** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 70.380 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.380 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **23.021.400** | **0** | **0** | **1.377.000** | **0** | **24.398.400** |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 8.160.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.160.000 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 5.875.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.875.200 |
| 464 | Разни трансфери | 8.986.200 | 0 | 0 | 1.377.000 | 0 | 10.363.200 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **1.020.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.020.000** |
| 471 | Социјални надоместоци | 1.020.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.020.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **221.018.080** | **6.171.000** | **20.012.400** | **4.692.000** | **25.500.000** | **277.393.480** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 3.570.000 | 1.530.000 | 612.000 | 0 | 0 | 5.712.000 |
| 481 | Градежни објекти | 1.020.000 | 510.000 | 14.198.400 | 0 | 0 | 15.728.400 |
| 482 | Други градежни објекти | 206.891.080 | 2.448.000 | 5.202.000 | 4.692.000 | 25.500.000 | 244.733.080 |
| 483 | Купување на мебел | 408.000 | 1.683.000 | 0 | 0 | 0 | 2.091.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 3.519.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.519.000 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 5.610.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.610.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **14.076.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **14.076.000** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 14.076.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.076.000 |

Note: In the printed header, "БУЏЕТ" spans the six amount columns.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.12.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5939/54**
**од 26.12.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Осумнаесеттата седница одржана на ден 24.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА

### Член 1

Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година (во понатамошниот текст: Буџет), се извршува според одредбите на оваа одлука.

### Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на дотации (Блок дотации), Буџет на донации, Буџет на заеми и Буџет на самофинансирачки активности.

### Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично согласно нивните субпотпрограми утврдени во согласност со програмите и потпрограмите.

### Член 4

Приходите што се утврдени со Буџетот не се фиксно определени. Промени во буџетот можат да се вршат во рамките на вкупно утврдениот износ на приходи.

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во соодветен износ.

### Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на Буџет на општината. Градоначалникот на Општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планираното може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот, Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

### Член 6

Пренамената на средствата во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници им ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени со Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограмите, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на дотации (Блок дотации), буџетот на донации и буџетот на самофинансирачки активности планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот, изготвуваат годишен финансиски план по квартали, за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци. Градоначалникот до Министерството за финансии доставува квартален извештај за извршување на буџетот (Образец К1), квартален извештај за достасани ненамирени обврски (Образец К2) и квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување (Образец К3) во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

**Член 9**

Исплатата на платите и на надоместоците на вработените од општината и од локалните јавни установи ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, законите и колективните договори,

- вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници се утврдува секоја година со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници, која ја донесува советот на општината;
- за вработените што немаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите изнесува 14,6 денари.

На вработените во општината им следува исплата на надомест за годишен одмор, во висина од 60% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на РМ, објавена до денот на исплатата, кој се исплатува еднаш во годината.

Исплатата на платите кај јавните локални установи се утврдува согласно колективните договори и утврдената вредност на платите на ниво на Министерствата кои вршат соодветно финансирање на платите на вработените.

Исплатата на плати од локалните установи кои се финансираат од блок дотациите ја контролира и одобрува Министерството за финансии на РМ.

Буџетските корисници се должни најдоцна до 25-ти во месецот до општината да достават барање за одобрување на средствата за плати при што треба да приложат во два примероци.

- Образец ПДП-МП И МП-1;
- Образец ИР (Интерна рекапитулација)
- Образец Ф1 (истиот снимен и на еден од медиумите ЦД, е-маил, во ексел формат) за месецот за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања, локалните јавни установи што се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет се должни да достават известување до Општина Гази Баба за обезбедени финансиски средства, согласност од надлежното министерство и министерството за финансии, и да приложат Образец М-1, и одобрение од Градоначалникот на Општина Гази Баба за новото вработување.

**Член 10**

На членовите на Советот на Општина Гази Баба, им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот, се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На Претседателот на советот за раководењето и организирањето на работата на советот, месечниот надоместок од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

**Член 11**

За избраните и именуваните лица во општината, односно Градоначалникот на Општина Гази Баба, појдовната основа за одредување на коефициент за утврдување на плата е определен според бројот на жители во општината помножен со основицата утврдена согласно со членот 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието и други избрани и именувани лица во Република Македонија, и тој коефициент изнесува 3,4 со оглед на тоа дека Општина Гази Баба има над 50.000 жители.

**Член 12**

Општината врши збирна и поединечна контрола на доставените пресметки за исплата на плати и надоместоци.

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општината, збирната пресметка и поединечните пресметки, Градоначалникот ги доставува до ресорното министерство преку кое се трансферираат блок дотациите.

Ресорните министерства, доставените пресметки за исплатата на платите и надоместоците ги доставуваат до министерството за финансии, за контрола и евиденција.

**Член 13**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката нема да се исплаќаат додека дневница за службено патување надвор од Републиката ќе се исплаќа во износ од:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата;
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци или во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот во општината и во локалните јавни установи, може да се исплати помош до висина на една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 15**

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош, во висина од две последни просечно исплатени плати, во органот каде што е вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

**Член 16**

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош до висина на една последна исплатена просечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира, вработениот во општината и локалната јавна установа и членот на потесното семејство, да се со место на живеење на иста адреса, што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош) или друг соодветен документ.

**Член 17**

Надоместоците кои се утврдени во членовите 15 и 16 се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната, односно во наредната година .

За сите исплати важи правилото: Исплатите се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

**Член 18**

Надоместоците за отпремнина за пензионирање на вработениот во општината и во локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став (1) алинеа 2 и став 2 од Законот за исплата на платите од средствата на тековните резерви на општината.

Надоместокот за отпремнина изнесува двократен износ од платата исплатена во РМ, за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

**Член 19**

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници, се набавуваат со веродостојни документи во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди (во готово) во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи (во готово плаќање) до 6.000,00 денари и задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 20**

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите ( за тековни и постојана резерва) одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот и за тековната резерва (непредвидливи расходи) одлучува Градоначалникот но најмногу до 50.000,00 денари во поединечен случај при што во износот не влегува персоналниот данок на доход.

За користењето на средствата од постојаната резерва за надомест на штета од природни непогоди, епидемии и други несреќи, во смисол на член 34 од Законот за заштита и спасување, одлучува Советот на Општина Гази Баба.

Заедно со завршната сметка за претходната година, Градоначалникот на општината поднесува до Советот на општината, извештај за користењето на средствата на буџетската резерва.

**Член 21**

Во општината може да се вработуваат нови работници и да се пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината.

За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од министерство за информатичко општество и администрација и согласно актот за систематизација.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на терет на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 23**

Корисниците на буџетските средства доставуваат: месечни и тримесечни извештаи за трошењето на средствата, набавките на капитални средства и месечни и тримесечни извештаи за обврските постари од 30 дена до Градоначалникот.

**Член 24**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 25**

Потписник на сметката на Буџетот на општината е Градоначалникот на општината.

**Член 26**

Буџетот на Општина Гази Баба се извршува од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година.

**Член 27**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 01.01.2019 година.

**Број 09-5635/56**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД**
**ПОСТОЈАНА И ТЕКОВНА РЕЗЕРВА**

1. Се објавува Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.12.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5939/55**
**од 26.12.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Осумнаесеттата седница одржана на ден 24.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНА И ТЕКОВНА РЕЗЕРВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува користење и распределба на средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите и тоа:

- За исплата на износите на постојана и тековна резерва, но најмногу до 50.000,00 денари во поединечни случаи одлучува и ги извршува Градоначалникот, при што во износот не влегува персоналниот данок на доход,

- За исплата на износите на постојана и тековна резерва над 50.000,00 денари во поединечни случаи, одлучува Советот на Општината Гази Баба, а ги извршува Градоначалникот.

**Член 2**

Под непланирани односно непредвидени расходи, се подразбираат расходи настанати од елементарни непогоди предизвикани од виша сила (поплава, пожар, земјотрес, суша, град и слично) помош при лекување, издавање книги, разни спонзорства, хуманитарни потреби, комеморации и други недефинирани трошоци кои не се предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година.

**Член 3**

За трошење на средствата од членот 1 на оваа одлука, надлежен е Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 01.01.2019 година.

**Број 09-5635/57**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.12.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5939/56**
**од 26.12.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Осумнаесеттата седница одржана на ден 24.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2019 ГОДИНА

### Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година изнесува 76,8 денари.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2019 година.

**Број 09-5635/58**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ООУ ''НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ'' - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движна ствар на ООУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.12.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5939/57**
**од 26.12.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка (10) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гази Баба, бр.44-10088/1 од 27.11.2018 година (''Службен весник на РМ'' бр.224/18), Советот на Општина Гази Баба на Осумнаесеттата седница одржана на ден 24.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ООУ ''НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ'' - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Македонија, прима на трајно користење без надомест движна ствар, за потребите на ООУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гази Баба, бр.44-10088/1 од 27.11.2018 година (''Службен весник на РМ'' бр.224/18).

**Член 2**

Пренесеното право на користење на движната ствар без надомест, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гази Баба, бр.44-10088/1 од 27.11.2018 година (''Службен весник на РМ'' бр.224/18), за потребите на ООУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје, се однесува на следната движна ствар:

| Реден број | Назив на движната ствар | Опис на движната ствар | Количина | Единечна вредност (со вклучен ДДВ) во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Информативна табла | Информативна табла од плексиглас со димензии 420/297 мм, печатена во боја | 1 | 17.995,00 |

**Член 3**

Општина Гази Баба движната ствар од член 2 од оваа одлука, ја дава на трајно користење без надомест на ООУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Министерот за образование и наука, со кој ќе се уредат правата и обврските за движната ствар од член 2 од оваа одлука.

**Член 5**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со директорот на ООУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје, со кој ќе се уредат правата и обврските за движната ствар од член 2 од оваа одлука.

**Член 6**

Се задолжува ООУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје, по склучување на договорот од член 5 од оваа одлука и уреден прием на движната ствар, истата да ја воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5635/59**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.12.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5939/58**
**од 26.12.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка (10) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.44-9785/50 од 11.12.2018 година (''Службен весник на РМ'' бр.230/18), Советот на Општина Гази Баба на Осумнаесеттата седница одржана на ден 24.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Македонија, прима на трајно користење без надомест движни ствари, за потребите на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.44-9785/50 од 11.12.2018 година (''Службен весник на РМ'' бр.230/18).

### Член 2

Пренесеното право на користење на движните ствари без надомест, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.44-9785/50 од 11.12.2018 година (''Службен весник на РМ'' бр.230/18), за потребите на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, се однесува на следните движни ствари:

| Реден бр. | Назив на движната ствар | Опис на движната ствар | Количина | Единечна вредност (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Прочистувач на воздух за 45 м2 | – Марка: Winix U450<br>– пред-филтер за повеќекратна употреба, филтер со активен јаглен, хепа филтер;<br>– поседува антибактериски својства;<br>– сензор за ПМ честички;<br>– ноќен работен режим;<br>– индикатор за промена на филтри;<br>– проток на воздух од 450 m³/h;<br>– вклучени сет филтри за минимум двегодишна употреба;<br>– моќност (потрошувачка) од максимум 75 W;<br>– тип на мотор BLDC;<br>– тежина 9 кг;<br>– димензии (должина x висина x ширина): 45cm x 65cm x 30cm | 2 | 30.000 |
| 2 | Прочистувач на воздух за 90м2 | – Марка: Winix Zero<br>– пред-филтер за повеќекратна употреба, филтер со активен јаглен, хепа филтер;<br>– поседува антибактериски својства;<br>– сензор за ПМ честички;<br>– ноќен работен режим;<br>– индикатор за промена на филтри;<br>– проток на воздух од 450 m³/h;<br>– вклучени сет филтри за минимум двегодишна употреба;<br>– моќност (потрошувачка) од максимум 75 W;<br>– тип на мотор BLDC ;<br>– тежина до 10кг;<br>– димензии (должина x висина x ширина): 40cm x 60cm x 25cm | 8 | 25.000 |

### Член 3

Општина Гази Баба движните ствари од член 2 од оваа одлука, ги дава на трајно користење без надомест на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Министерот за животна средина и просторно планирање, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

**Член 5**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со директорот на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

**Член 6**

Се задолжува ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, по склучување на договорот од член 5 од оваа одлука и уреден прием на движните ствари, истите да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5635/60**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.12.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5939/59**
**од 26.12.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка (10) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.44-9785/51 од 11.12.2018 година (''Службен весник на РМ'' бр.230/18), Советот на Општина Гази Баба на Осумнаесеттата седница одржана на ден 24.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Македонија, прима на трајно користење без надомест движни ствари, за потребите на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.44-9785/51 од 11.12.2018 година (''Службен весник на РМ'' бр.230/18).

### Член 2

Пренесеното право на користење на движните ствари без надомест, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.44-9785/51 од 11.12.2018 година (''Службен весник на РМ'' бр.230/18), за потребите на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, се однесува на следните движни ствари:

| Реден бр. | Назив на движната ствар | Опис на движната ствар | Количина | Единечна вредност (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Прочистувач на воздух за 45м2 | – Марка: Winix U450<br>– пред-филтер за повеќекратна употреба, филтер со активен јаглен, хепа филтер;<br>– поседува антибактериски својства;<br>– сензор за ПМ честички;<br>– ноќен работен режим;<br>– индикатор за промена на филтри,<br>– проток на воздух од 450 m³/h;<br>– вклучени сет филтри за минимум двегодишна употреба;<br>– моќност (потрошувачка) од максимум 75 W;<br>– тип на мотор BLDC;<br>– тежина 9 кг;<br>– димензии (должина x висина x ширина): 45cm x 65cm x 30cm | 2 | 36.000 |
| 2 | Прочистувач на воздух за 90м2 | – Марка: Winix Zero<br>– пред-филтер за повеќекратна употреба, филтер со активен јаглен, хепа филтер;<br>– поседува антибактериски својства;<br>– сензор за ПМ честички;<br>– ноќен работен режим;<br>– индикатор за промена на филтри,<br>– проток на воздух од 450 m³/h;<br>– вклучени сет филтри за минимум двегодишна употреба;<br>– моќност (потрошувачка) од максимум 75 W;<br>– тип на мотор BLDC ;<br>– тежина до 10кг;<br>– димензии (должина x висина x ширина): 40cm x 60cm x 25cm | 10 | 25.000 |

**Член 3**

Општина Гази Баба движните ствари од член 2 од оваа одлука, ги дава на трајно користење без надомест на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Министерот за животна средина и просторно планирање, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

**Член 5**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со директорот на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

**Член 6**

Се задолжува ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, по склучување на договорот од член 5 од оваа одлука и уреден прием на движните ствари, истите да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5635/61**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

## СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година . . . . . . . . . 4

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за превземање на добиточниот пазар . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .8

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на услугите кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје на добиточниот пазар . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .10

**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за 2019 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, кои имаат статус на даватели на јавни услуги и вработени кои вршат помошно-технички работи, за 2019 година . . . . . . . . . . . . . . .14

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2019 - 2021 година . 16

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - висока зона - Општина Гази Баба . . . . .18

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

**ОДЛУКА** за определување на комунални дејности кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . . . . . . .22

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "25 Мај" - Скопје . . . . . . . . . . .24

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за финансиско учество за изградба на фекална канализација во с.Црешево, с.Смиљковци и с.Виниче . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за реконструкција на улица "519" во населено место Керамидница . . . . . . . . . . . . . . .29

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 31

**ОДЛУКА** за давање согласност за реализација на проектот за поставување на систем на подземни контејнери за собирање на комунален и друг вид неопасен отпад, на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .33

**ЗАКЛУЧОК** за прифаќање на одлука на Градоначалник на Општина Гази Баба, бр.08-5195/2 од 15.11.2018 година, за поништување на одлука бр.08-4657/1 од 16.10.2018 година . . . . . . . . . . . . .35

**ОДЛУКА** за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .37

**ОДЛУКА** за поништување на изборите за членови на совет на месна заедница, на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .40

**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост" .......... 42

**ОДЛУКА** за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство .......... 44

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Стив Наумов" - Скопје .......... 46

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје .......... 48

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "25 Мај" - Скопје .......... 50

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје .......... 52

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје .......... 54

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје .......... 56

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје .......... 58

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Крум Тошев" - Скопје .......... 60

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Наумовски-Борче" - Скопје .......... 62

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Скопје .......... 64

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Његош" - Скопје .......... 66

**ПРОГРАМА** за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 68

**ПРОГРАМА** за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2019 година .......... 92

**ПРОГРАМА** за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 99

**ПРОГРАМА** за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 111

**ПРОГРАМА** за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 68

**ПРОГРАМА** за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2019 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи .......... 70

**ПРОГРАМА** за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 148

**ПРОГРАМА** за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2019 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи .......... 153



**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци

# СОДРЖИНА


**ПРОГРАМА** за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 157

**ПРОГРАМА** за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 164

**ПРОГРАМА** за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 172

**ПРОГРАМА** за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 178

**ПРОГРАМА** за спорт на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 186

**ПРОГРАМА** за млади на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 198

**ПРОГРАМА** за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 202

**ПРОГРАМА** за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 206

**ПРОГРАМА** за тековно одржување на училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 215

**ПРОГРАМА** за културни манифестации во училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 221

**ПРОГРАМА** за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 227

**ПРОГРАМА** за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 234

**ПРОГРАМА** за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 240

**ПРОГРАМА** за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 245

**ПРОГРАМА** за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 251

**БУЏЕТ** на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 262

**ОДЛУКА** за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година .......... 326

**ОДЛУКА** за користење на средствата од постојана и тековна резерва .......... 332

**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година .......... 334

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движна ствар а ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје .......... 336

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје .......... 339

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје .......... 342



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 22/18**
**18 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци